АУТОМАКЕДОНИЈА

Согласно член 455 и член 456 од Законот за трговските друштва и член 35 од Статутот на друштвото, Собранието на Аутомакедонија АД Скопје на седницата од 30.05.2023 година ја донесе следната

# О Д Л У К А
## за голема зделка

Член 1

Се одобрува зголемување на задолженоста на Аутомакедонија АД Скопје – Голема зделка на износ од 7.800.000,00 еур во денарска противвредност.

Се одобрува склучување на Договор за рамковен револвинг кредит лимит - анекс на износ од 3.000.000,00 еур во денарска противвредност (користење на кредити за обртни средства, гаранции) со заложно право воспоставување на хипотека.

Член 2

Договорот за Рамковен револвинг кредит лимит со Шпаркасе Банка се предлага да се потпише со датум како и Анекс 5, односно до 30.06.2029 година.

Член 3

Обезбедувањата на побарувањата и висината на задолжувањата ќе бидат утврдени со одлуки од страна на надлежен орган на друштвото.

Одлуката стапува на сила на денот на донесувањето

*Одлука бр. 02-2108/14 /30.05.2023 година*

"АУТОМАКЕДОНИЈА" АД СКОПЈЕ
СОБРАНИЕ
Претседавач

Друштво за внатрешен и надворешен промет АУТОМАКЕДОНИЈА АД • Скопје •

Друштво за внатрешен и надворешен промет
**АУТОМАКЕДОНИЈА** АД
Бр. 02-2108/14
30.05 2023 год.
СКОПЈЕ

(штебмил со деловоден број)

Врз основа на одредбите на Законот за трговските друштва и член 35 од Статутот за основање на Друштвото завнатрешен и надворешен промет АУТОМАКЕДОНИЈА АД Скопје, со седиште на ул. 16-та Македонска Бригада бр. 2 Скопје – Гази Баба и со ЕМБС 4058097, а имајќи предвид дека со преземањето на конкретната правна работа ќе се исполнат законските претпоставки истата да се смета за голема зделка согласно член 455 од Законот за трговските друштва, раководејќи се од последните валидни завршни сметки за вкупната книговодствена вредност на имотот на Друштвото, надлежното ниво на одлучување – Собранието на акционери на седницата одржана на ден 30.05.2023 ја донесе следната

ОДЛУКА
за задолжување, заложување и трасирање- акцептирање на меница

**Член 1**

Се дава согласност на Друштвото за внатрешен и надворешен промет АУТОМАКЕДОНИЈА АД Скопје, со седиште на ул. 16-та Македонска Бригада бр. 2 Скопје – Гази Баба и со ЕМБС 4058097, со Шпаркасе банка Македонија АД Скопје да го склучи и потпише Анексот VI на Договорот за деловна соработка- вршење банкарскиработи бр. 19773 од 19.12.2008 година, изменет и дополнет со Анекс I број 19773/1 од 14.01.2009 година, Анекс II број 18888 од 20.12.2012 година, Анекс III број 6603 од 22.05.2014 година, Анекс IV број 11764 од 20.06.2016 година и Анекс V број 47734/1 од 15.10.2019 во својство на корисник, на износ од 185.000.000,00 Денари (стодваесетитримилиони денари)со рок на важност заклучно со 30.06.2029 година, со сите споредни побарувања кои ќе произлезат од истиот (редовна камата, договорна казнена камата и законска казнена камата, провизии и други трошоци) како и без никакво ограничување и дополнителна согласност од акционерите или од членовите на Управен Одбор да се задолжува по истите договори согласно погоренаведениот износ, како и да ги склучува сите поедниечни Договори за користење на банкарски продукти во рамките на предметниот Договор за деловна соработка и Анексите кои ќе следат, а кои ќе претставуваат негов интегрален дел, и тоа под услови рокови и на начин како што ќе бидат утврдени во истите.

**Член 2**

Се дава согласност за обезбедување и наплата на обврските по основ на Договорот за деловна соработка - вршење банкарски работи бр. 19773 од 19.12.2008 година, изменет и дополнет со Анекс I број 19773/1 од 14.01.2009 година, Анекс II број 18888 од 20.12.2012 година, Анекс III број 6603 од 22.05.2014 година и Анекс IVброј 11764 од 20.06.2016 година и Анексот V број 47734/1 од 15.10.2019, вклучувајќи ги сите договори за користење на банкарски продукти и нивните Анекси кои се веќе склучени или ќе се склучуваат во рамките и за времетраењето на предметниот Договор за деловна соработка како негов составен дел, Друштвото за внатрешен и надворешен промет АУТОМАКЕДОНИЈА АД Скопје од свое име и за своја сметка да издава (трасира) и акцептира бланко меници воапоен од 500 денари, со клаузула без протест, прифаќајќи го исполнувањето на вкупните обврски кои ќе произлезат од поединечните договори за користење на сите видови банкарски работи и нивните Анекси кои се веќе склучени или ќе се склучуваат и обезбедуваат во рамките на Договорот за деловна соработка - вршење банкарски работи бр. 19773 од 19.12.2008 година, изменет и дополнет со Анекс I број 19773/1 од 14.01.2009 година, Анекс II број 18888 од 20.12.2012 година, Анекс III број 6603 од 22.05.2014 година и Анекс IV број 11764 од 20.06.2016 година, Анексот V број 47734/1 од 15.10.2019 и Анекс VI на износ од 185.000.000,00 Денари (стодваесетитримилиони денари) со рок на важност заклучно со 30.06.2029 година, со сите споредни побарувања кои ќе произлезат од истите ( договорна казнена камата и законска казнена камата, провизии и други трошоци), а воедно се дава согласност и правата иобврските на потписниците на мениците да бидат уредени со менични изјави во форма на нотарски акт со извршни клаузули.

За таа цел мениците ќе и бидат предадени на Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје, како ремитент со неоповикливо и безусловно овластување по свое видување, самата да ги пополни сите битни елементи кои во моментот на издавање и акцептирање на меницата останале непополнети, како и без никакво ограничување ниту дополнителни согласности, одлуки или налог да ја употреби за намирување на вкупното побарување кога самата ќе оцени дека тоа е потребно и на износ кој самата ќе го утврди и тоа без присуство на претставник или вработено лице во Друштвото за внатрешен и надворешен промет АУТОМАКЕДОНИЈА АД Скопје.

Се дава согласност за уредување на односите меѓу меничните потписници да се склучи Нотарски акт со својство на извршна исправа, со извршни клаузули определени и прифатени од Банката и да се прифатат во целост правните последици кои ќе произлезат во случај на активирање на обезбедување на постапка на присилна наплата за намирување на вкупното побарување на ремитентот
Исто така се дава согласност Друштвото за внатрешен и надворешен промет АУТОМАКЕДОНИЈА АД Скопје како обезбедување на цитираниот Договорот за деловна соработка - вршење банкарски работи бр. 19773 од 19.12.2008 година, изменет и дополнет со Анекс I број 19773/1 од 14.01.2009 година, Анекс II број 18888 од 20.12.2012 година, Анекс III број 6603 од 22.05.2014 година и Анекс IV број 11764 од 20.06.2016 година и Анексот V број 47734/1 од 15.10.2019 и Анекс VI, вклучувајќи ги сите договори за користење на банкарски продукти и нивните Анекси кои се веќе склучени или ќе се склучуваат во рамките и за времетраењето на предметниот Договор за деловна соработка како негов составен дел, да достави 10 (десет) бланко потпишани налози обрзец ПП 30 од Друштвотото за внатрешен и надворешен промет АУТОМАКЕДОНИЈА АД Скопје.

**Член 3**

Се дава согласност без никакво ограничување, ниту дополнителна согласност од акционерите или од членовитена Управен Одбор, а со цел обезбедување и наплата на вкупните обврски на Друштвото за внатрешен и надворешен промет АУТОМАКЕДОНИЈА АД Скопје кон Шпаркасе банка Македонија АД Скопје кои ќе произлезат по основ на сите видови Договори за деловна соработка – вршење банкарски работи и Договорите за користење на сите видови банкарски производи и Анексите кон истите до утврдениот износ во член 1 од овојдокумент, со сите споредни побарувања (редовна камата, договорна камата, казнена камата, провизии и други трошоци), вклучувајќи ги но неограничувајќи се на обврските кои ќе произлезат од Договорот за деловна соработка - вршење банкарски работи бр. 19773 од 19.12.2008 година, изменет и дополнет со Анекс I број 19773/1 од 14.01.2009 година, Анекс II број 18888 од 20.12.2012 година, Анекс III број 6603 од 22.05.2014 година и Анекс IV број 11764 од 20.06.2016 година и Анексот V број 47734/1 од 15.10.2019 и Анекс VI, да се преземат сите потребни дејствија да се заснова заложно право врз сите побарувања и приливи по основ на сите Договори кои Друштвото ги има склучено или ќе ги склучи без никакво ограничување со Министерствата во РСМ и сите останати физички и правни субјекти, органи, институции, а кои се во сопственост на Друштвото за внатрешен и надворешен прометАУТОМАКЕДОНИЈА АД Скопје или врз кои предметното Друштво дополнително ќе стекне право на сопственост.воедно се дава согласност заснованото заложно право да трае се до целосно исполнување на вкупните парични и непарични обврски кои Друштвото за внатрешен и надворешен промет АУТОМАКЕДОНИЈА АД Скопје по било кој основ ги има или ќе ги стекне кон Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје.

**Член 4**

Се дава согласност без никакво ограничување, ниту дополнителна согласност од акционерите или од членовитена Управниот Одбор, а со цел за обезбедување и наплата на вкупните обврски на Друштвото за внатрешен и надворешен промет АУТОМАКЕДОНИЈА АД Скопје кон Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје кои ќе произлезат по основ на цитираниот Договор за деловна соработка заедно со сите негови Анекси (цитиран во член 1 од оваа Одлука), како и од сите поединечни Договори за користење на банкарски продукти кои се веќе склучени или ќе се склучуваат и обезбедуваат во рамките на тој Договор за деловна соработка, со сите споредни побарувања ( договорна камата, казнена камата, провизии и други трошоци), да се преземат сите потребни дејствија за да се заснова заложно право врз недвижниот имот кој е во сопственост на Друштвото за внатрешен и надворешен промет АУТОМАКЕДОНИЈА АД Скопје, и е со следните карактеристики:
- Деловен простор заведен на Имотен лист број 5516 за КО Гази Баба и тоа на КП 1069, дел 1, адреса Ј.Лукровски, број на зграда 1, намена на зграда 570, влез 001, кат ПР, број 1, со површина од 627 м2, КП 1069, дел 1, адреса Ј.Лукровски, број на зграда 1, намена на зграда 570, влез 001, кат МЕ, број 1, со површина од 42 м2, КП 1069, дел 1, адреса Ј.Лукровски, број на зграда 2, намена на зграда 570, влез 001, кат ПР, број 1 со површина од 68 м2, КП1069, дел 1, адреса Ј.Лукровски , број на зграда 3, намена на зграда 570, влез 001, кат ПР, број 1, со површина од 252 м2, КП 1069, дел 1, адреса ул. 16-та М.Бригада, број на зграда 4, намена на зграда 509, влез 001, кат 01, број 1, со површина од 7 м2, КП 1069, дел 1, адреса ул. 16-та М.Бригада, број на зграда 4, намена на зграда 511, влез 001, кат ПО, број 1, со површина од 24 м2, КП 1069, дел 1, адреса ул. 16-таМ.Бригада, број на зграда 4, намена на зграда 511, влез 001, кат ПО, број 1, со површина од 6 м2, КП 1069, дел 1, адреса ул. 16-та М.Бригада, број на

зграда 4, намена на зграда 511, влез 001, кат 01, број 1, со површина од 29 м2, КП 1069, дел 1, адреса ул. 16-та М.Бригада, број на зграда 4, намена на зграда 511, влез 001, кат ПР, број 1, со површина од 29 м2, КП 1069, дел1, адреса ул. 16-та М.Бригада, број на зграда 4, намена на зграда 518, влез 001, кат ПО, број 1, со површина од 366 м2, КП 1069, дел 1, адреса ул. 16-та М.Бригада, број на зграда 4, намена на зграда 570, влез 001, кат ПР, соповршина од 492 м2, КП 1069, дел 1, адреса ул. 16-та М.Бригада, број на зграда 4, намена на зграда 570, влез 001, кат ПО, број 1, со површина од 114 м2, КП 1069, дел 1, адреса ул. 16-та М.Бригада, број на зграда 4, намена на зграда 570, влез 001, кат 01, број 1, со површина од 466 м2, или вкупна површина од 2522 м2, во сопственост на Друштво за внатрешен и надворешен промет АУТОМАКЕДОНИЈА АД Скопје;

- Земјиште со сите прирастоци и припадоци сега и во иднина заведено на Имотен лист број 5516 за КО Гази Баба и тоа на КП 1069, дел 1, адреса ул. 16-та М.Бригада, КК ДМ, со површина од 2587 м2, КП 1069, дел 1, адреса ул. 16-та М.Бригада, КК ЗПЗ 1, со површина од 703 м2, КП 1069, дел 1, адреса ул. 16-та М.Бригада, КК ЗПЗ 2, со површина од 91 м2, КП 1069, дел 1, адреса ул. 16-та М.Бригада, КК ЗПЗ 3, со површина од 272 м2, КП1069, дел 1, адреса ул. 16-та М.Бригада, КК ЗПЗ 4, со површина од 572 м2, или вкупна површина од 4225 м2, восопственост на Друштво за внатрешен и надворешен промет АУТОМАКЕДОНИЈА АД Скопје;
- Деловен простор заведен на Имотен лист број 45404, за КО Гази Баба, построено на КП 1069, дел 1, адреса 16-та Македонска Бригада, број на зграда 1, намена на зграда Г3, влез 1, кат К1, намена на посебен дел од зграда ДП, со површина 643 м2, во сопственост на Друштво за внатрешен и надворешен промет АУТОМАКЕДОНИЈА АД Скопје;

Воедно се дава согласност заснованото заложно право да трае се до целосно исполнување на вкупните парични и непарични обврски кои Друштво за внатрешен и надворешен промет АУТОМАКЕДОНИЈА АД Скопје ги има или по било кој основ ќе ги стекне кон Шпаркасе Банка Македонија Ад Скопје.

**Член 5**

Се дава согласност Игор Илиевски, Генерален Директор со неограничени овластувања во внатрешниот и надворешниот промет, или од него овластено лице, во име и за сметка на Друштво за внатрешен и надворешенпромет АУТОМАКЕДОНИЈА АД Скопје, да ги потпиша целокупната документација пред Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје, Анексот VI на Договорот за деловна соработка- вршење банкарски работи бр. 19773 од 19.12.2008 година и сите поединечни договори и нивните Анекси, да ја пополни и потпиша меницата во апоен од 500 денари како трасант акцептант, нотарскиот акт – меница со извршни клаузули во својство на трасант-акцептант како и во својство на должник и заложен должник да ги потпише нотарските акти за хипотекаи залог на побарувања со изврши клаузули и/или анексите на нотарските акти за хипотека и залог на побарувања со изврши клаузули како и целокупната попратна документација пред Шпаркасе Банка МакедонијаАД Скопје и надлежен нотар.

**Член 6**

Оваа одлука стапува на сила на денот на

донесувањето на истата.

Датум и место

Скопје,______.2023 година

Собрание на акционери